Peace Corps
NORTH MACEDONIA

# Годишен извештај

2018



Peace Corps

# Порака од Директорот



Марк Ханафин
Директор
Мировен корпус Северна Македонија
*(поранешен волонтер на Мировен корпус во Киргистан, 1993-1995)*

> “Секој млад Американец кој е дел од Мировниот корпус и кој работи во туѓа земја, свесен е дека ја споделува големата заедничка цел за обезбедување пристоен начин на живот за луѓето, што е основа на слободата и на мирот ".
>
> — Џон Ф. Кенеди

2018та беше година на промени, иновации и градење нови партнерства, и сето тоа додека ги поддржувавме волонтерите во земјата. Новиот директор за програма и обука Дејвид Рут ни се придружи од централата на Мировен корпус и го освежи нашиот тим за програма и обука. Административната директорка Бина Шеладиа дојде после неколку години поминати во Ерменија и во централата како одговорна за контакт со националните канцеларии на Мировен корпус. Во септември и посакавме добредојде на 23тата група и 48 нови волонтери положија заклетва за служба.

Во рамки на партнерството со Министерството за труд и социјална политика, организиравме средба на нашите волонтери со министерката и со претставници од Министерството, со цел да споделиме добри практики од работата со дневните центри, а во насока на имплементација на новите политики за работа со лица со посебни потреби. Заедно со Министерството за локална самоуправа организиравме Форум за градоначалници, со цел да ја претставиме соработката на волонтерите со општините. 48 Градоначалници присуствуваа на настанот и тоа резултираше со зголемен број на пријави за соработка со општини. Со Министерството за образование организиравме посета на иновативна училница во средно училиште и на проект за волонтирање во заедницата. Најпосле, го зајакнавме партнерството со Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар и РИКО. Потпишавме нов Меморандум за соработка со мрежата на 20 Ротари клубови во Северна Македонија, а соработката со Црвен крст и Сојузот на извидници продолжува да се развива, со што се отвораат нови можности за вклучување на волонтерите.

Приказните и податоците во овој извештај презентираат поживописна слика за се она што го постигнуваме заедно. Се надевам дека ќе уживате читајќи за работата на Мировен корпус Северна Македонија и за тоа како сите можеме да придонесеме за иднина на мир и пријателство помеѓу нашите народи.

# Накусо за Мировен корпус



Во 1961 година Претседателот на Соединетите Американски Држави Џон Ф. Кенеди го формира Мировниот корпус за да промовира светски мир и пријателство и ги предизвика Американците да живеат и да работат во земјите во развој. Поминаа повеќе од педесет и пет години од формирањето на Мировниот корпус, но неговата мисија и улога го издржа тестот на времето. Трите цели на Мировниот корпус остануваат подеднакво важни како што беа и при неговото формирање:

Цел 1: Да се обезбедат волонтери што ќе дадат свој придонес во развојот на заинтересираните земји преку размена на информации и искуства.
Цел 2: Да помогне луѓето од овие земји да имаат подобро разбирање за луѓето од Америка.
Цел 3: Да помогне луѓето од Америка да стекнат подобро разбирање за народите од земјите во светот.

Од 1961 година, повеќе од 235 000 волонтери на Мировниот корпус служеле во 141 држава, и оставиле во наследство заеднички вредности, подобрени односи, и одржлив развој во заедниците. Во 2018 година околу 7300 Американци волонтираа во 60 земји низ целиот свет.

# Мировен корпус во Северна Македонија

Мировниот корпус ја формира својата програма во Северна Македонија во 1996 година, по покана од Владата на Северна Македонија. Оттогаш, повеќе од 800 волонтери имаат служено во училишта, општини, граѓански организации и јавни институции за да ги задоволат различните потреби на заедниците низ земјата. Како признание за значењето на Мировниот корпус за подобрувањето на македонско-американското пријателство и за ангажманот и посветеноста на волонтерите во македонското општество, претседателот на Македонија му додели Орден за заслуги на Мировниот корпус во 2011 година.



*Група: МАК 1, 1996*

Во 2018 година вкупно 87 волонтери служеа во еден од двата проекти во Северна Македонија, наставата по англиски јазик и развој на заедниците, со посебен акцент на младите и посебните потреби.

Во текот на нивната служба во Северна Македонија, волонтерите се запознаваат со локалната култура, ги учат локалните јазици и активно учествуваат во општествениот живот. По пристигнувањето во Северна Македонија, волонтерите поминуваат низ интензивна обука за јазик, култура и технички вештини. За да се олесни нивната интеграција во локалните заедници, волонтерите живеат со локални семејства-домаќини за време на првичната обука, но и во периодот од 6 до 24 месеци од нивната служба. Мировниот корпус ја имплементира својата програма во Северна Македонија преку директна соработка со повеќе државни и локални партнери коишто се активни во сферата на образованието, развојот на заедницата, работа со младите и лицата со посебни потреби.




*Група: МАК 23, 2018*

Во 2018 година Мировниот корпус Северна Македонија имаше активни меморандуми за соработка со следните партнери: Министерство за образование и наука, Министерство за локална самоуправа, Министерство за труд и социјална политика, Црвен Крст на Северна Македонија, Агенција за млади и спорт на Северна Македонија, Национален младински совет на Македонија, Коалицијата на младински организации СЕГА и Сојузот на извидници.

Peace Corps

# Приказната за Мировен корпус Северна Македонија низ бројки:

**2** проекти на Мировен корпус во Северна Македонија - програма за унапредување на наставата по англиски јазик и програма за развој на заедниците

**12** волонтери кои служеа во организации и институции за лица со посебни потреби

**13** летни кампови „Околу светот“, организирани во руралните заедници

**23** години на Мировен корпус во Северна Македонија

**39** проекти во заедницата кои беа имплементирани преку програмата за мали грантови на Мировен корпус

**45** општини во кои живееја и служеа волонтери

**46** наставници кои соработуваа со волонтерите во развојот на методологија за работа со ученици со посебни потреби

**48** Градоначалници присуствуваа на Форумот за градоначалници организиран од Мировен корпус Северна Македонија

**51** основно и средно училиште во кои служеа волонтерите

**87** волонтери на Мировен корпус служеа во Северна Македонија

**126** граѓански организации работеа со волонтери

**134** наставници од основни и средни училишта соработуваа со волонтери

**383** лица со посебни потреби со кои работеа волонтерите

**460** ученици во летните кампови „Околу светот“

**7635** претежно млади лица кои учествуваа во активностите за придонес во аедницата, волонтирање и стекнување животни вештини

**10881** ученик од основни и средни училишта учеа од волонтери

# 2 Проекта во Северна Македонија

## Проект за развој на заедницата

Проектот за развој на заедницата во Северна Македонија ги поддржува заедниците и организациите со цел постигнување поефикасен одржлив развој. Во 2018 волонтерите на Мировниот корпус работеа со граѓански организации, локални општини и јавни институции низ земјата.

Во соработка со локалните партнери, целите на проектот за развој на заедницата во работата со локалните партнери е да се подобри придонесот на организациите и неформалните групи за идентификуваните потреби на заедницата; да се зголеми младинското учество во заедницата и да се развијат вештините на младите како личности и активни граѓани; и да се зајакнат капацитетите на организациите за да се подобри квалитетот на живот за лицата со посебни потреби.

Во 2018 година, Мировниот корпус Северна Македонија ја прошири својата мрежа на партнери преку потпишување на меморандум за разбирање со Здружението на Ротари клубови. Дополнително,

Мировниот корпус ја продлабочи својата соработка со Сојузот на извидници засилувајќи ја на тој начин работата со младите, развојот на вештини за нив како и поддршката за волонтирање во локалните заедници.




Во 2018 година, приоритети за волонтерите за развој на заедниците и нивните соработници беа следниве активности:

- Поддршка на организациите при утврдувањето на потребите на заедницата и градење стратешки партнерства за да се одговори на идентификуваните потреби
- Подобрување на вештините на вработените во областите значајни за организацискиот развој
- Обуки за граѓаните со цел нивно учество во заедницата и стекнување животни вештини, како и подигање на свеста за лицата со попреченост
- Фасилитирање и организирање активности за развој на животни вештини кај младите луѓе, младински клубови и камповите GLOW и YMLP, програми за граѓанско лидерство, Модел на Обединетите нации и државни натпревари по спелување на англиски јазик

# 2 Проекта во Северна Македонија

## Проект за развој на заедницата — Работа со лица со посебни потреби

Мировниот корус Северна Македонија ги поддржува напорите за инклузија низ целата држава преку засилување на капацитетите на организациите/училиштата за подобрување на животот на лицата со посебни потреби; и преку засилување на животните вештини и нивото на инклузија во општеството на лицата со посебни потреби.

Волонтерите соработуваат со локални дефектолози и наставници на развој на обуки, техники и материјали за работа со лица со посебни потреби, наменети за деца и возрасни. Многу од волонтерите поддржуваат и активности во локалната заедница за погигање на свеста за вклучувањето на лицата со посебни потреби во локалната заедницата.






Волонтерите за посебни потреби работат во училиштата, специјалните училишта, државните дневни центри за лица со посебни потреби и дневните центри водени од невладини организации.

Волонтерите за посебни потреби, со поддршка на локалниот персонал, се фокусираа на следниве активности:

- Подготовка на наставни планови и ресурси за наставата
- Заедничко држење настава со едукатори за посебни потреби
- Создавање на нови наставни активности за животни и работни вештини за луѓето со посебни потреби
- Обука на персоналот за работни вештини, менаџмент на однесување, алатки за проценка, методологии за работа и развој на материјали
- Водење креативни работилници со штитениците и персоналот

Волонтерите ја поддржуваат работата со деца и возрасни со посебни потреби во нивните организации, а заедно со соработниците организираат и активности за зајакнување на општествената свест.

# 2 Проекта во Северна Македонија

## Проект за унапредување на наставата по англиски јазик

Мировниот корпус Северна Македонија ја имплементира програмата за унапредување на наставата по англиски јазик во соработка со Министерството за образование и наука на Северна Македонија, како и со Бирото за развој на образованието и Националниот испитен центар и со институции и организации коишто се посветени на подобрување на образовните можности. Во 2018 година волонтерите работеа во основни и средни државни училишта низ земјата, со акцент на руралните и маргинализираните заедници. Волонтерите им помагаа на наставниците по англиски јазик во наставата преку воведување методи за ставање на учениците во фокусот на часот и за организирање на часот, како и со асистирање во мешани паралелки.



Целите на програмата за унапредување на наставата по англиски јазик се: да се подобри квалитетот на наставата во училиштата, да се зголеми успехот на учениците во учењето англиски јазик и да се зајакне училишната заедница. На барање од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието Мировниот корпус организираше обуки за наставниците по англиски јазик за работа со ученици со посебни потреби на часовите по англиски јазик.
Во 2018 година приоритет на волонтерите на Мировниот корпус и нивните наставници- соработници беа следниве активности:

- Заедничка настава со наставниците по англиски јазик
- Воведување методи за ставање на учениците во фокусот на часот
- Подготвување материјали за час
- Поддршка на наставниците за развивање методологија за работа со ученици со посебни потреби
- Предавање англиски надвор од училиштето, во клубови и други слободни активности;
- Помош за училиштата со проектни активности

# 23 години на Мировен корпус во Северна Македонија

## Посета на Џоди Олсен - Директорката на Мировен корпус




Мировниот корпус Северна Македонија искуси многу позитивни промени и настани во 2018 година. Сега, кога навлегуваме во 23-тата година имаме време да се навратиме кон сите наши достигнувања и соработки кои ги направивме. Во април минатата година ја пречекавме Џоди Олсен, новата директорка на Мировниот корпус, која пристигна во Скопје заедно со 17 директори на држави од регионот на годишната конференција за споделување на искуства. Конференцијата беше збогатена и со посети на волонтери во селата и градовите каде тие активно предаваат англиски јазик, работат со лица со посебни потреби и создаваат младинско лидерство преку развој на заедниците.



Во април 2018 година Мировниот корпус Северна Македонија ги пречека во Скопје директорката на Мировниот корпус и осумнаесет други директори на држави од регионот кои дојдоа на еднонеделна конференција. Посетата на Северна Македонија за директорката Олсен беше прва официјална посета од нејзиното назначување на функцијата. Како директор таа надгледува 61 програма во исто толку држави и повеќе од 6500 волонтери кои во овие држави работат да ги зближат Соединетите Држави со светот. За време на таа недела, директорката Олсен се сретна со премиерот Зоран Заев кој изрази благодарност до Мировниот корпус за работата во Северна Македонија уште од 1996 година. Тој и лично беше домаќин на неколку волонтери додека беше градоначалник на Струмица и во разговорот со директорката се присети на работата на волонтерите во неговата поранешна општина и на пријателствата со нив низ годините. Директорката Олсен посети неколкумина волонтери во градовите и селата низ целата земја, меѓу кои беа волонтерот Остин во Горни Липовиќ и волонтерката Емили во Ростуше, кое се наоѓа во прекрасниот Национален парк Маврово. Таа беше импресионирана од посветеноста на вработените во Мировниот корпус и волонтерите. Забележа дека волонтерите добро се интегрираат, дека ги учат јазиците, се спријателуваат а нивната работа има влијание. Кога се врати во Вашингтон, директорката Олсен во неколку свои говори се осврна на посетата на Северна Македонија и на флексибилноста и ефективноста на волонтерите кои се на терен. Беше огромна чест токму Северна Македонија да биде дестинацијата на првата официјална посета на директорката.

# 39 проекти имплементирани преку програмата за мали грантови

## Збогатување на животите преку интервенција, активност и инклузија - Лорен Џајлс



Целта на овој грант беше да се подобри квалитетот на животот и да се создадат можности за рекреација на лицата со посебни потреби во еден државен дневен центар. Преку купување опрема и материјали, децата и возрасните добија пристап до музика, сликарство и спортови, како и подобрена настава и интервенција.

Овој проект сè уште трае, но резултатите се забележливи секојдневно: преку зголемените социјални вештини од учеството во заеднички игри и активности како пинг понг, фудбал, бочење и игри со карти, како и преку подобрените животни и функционални вештини од утринските вежби и вообичаената настава еден на еден. Учениците го прифатија овој проект а тоа најдобро го покажуваат кога самите ги земаат, или ги бараат, материјалите кои им се потребни за некоја активност, или му ја носат својата кутија за интервенции на наставникот за да му дадат до знаење дека се подготвени за работа!

Заедницата многу добро го прими и го поддржа овој проект, највеќе преку успешната обука за тинејџерите кои волонтираат во центарот преку Црвениот крст, кои потоа помагаат со уметничките проекти, игрите, како и во правењето материјали за интервенции.



# 39 Проекти имплементирани преку програмата за мали грантови

## Создавање активности фокусирани на учениците во ресурсни училници за англиски јазик - Алекса Чембрлен



Како дел од овој проект, моите соработници и јас направивме ресурсна училница за англиски јазик со пренамена на еден стар магацин. Целта на овој проект беше да се направат материјали кои ќе бидат фокусирани на учениците преку создавање на простор кој би бил привлечен за нив. Наставниците добија интерактивна табла, книги и материјали за училницата.

Јас водев две работилници кои вклучуваа обука како да се користи новата технологија и како да се развиваат материјали за настава во која фокусот е на ученикот. Моите соработници започнаа да создаваат игри, проекти за групна работа, вежби за учење граматика а исто така и ги пластифицираа материјалите за да можат истите да се употребуваат и во иднина. Изработените материјали создадоа средина во која учениците ги водат проектите а не наставниците. Во текот на школската година почнавме да ги забележуваме и промените. Учениците помотивирани доаѓаа на часовите и беа желни да учествуваат а беше подобрено и нивното поведение за време на наставата. Веруваме дека сето ова е заради новите активности и новиот пристап кон наставата во која и тие самите учествуваат.

Мојата соработничка Марина ја водеше последната работилница со вработените. Таа ги учеше како да создаваат свои материјали за настава во која фокусот е на учениците и како да прават свои лекции на интерактивните табли. По работилницата наставниците започнаа да ја користат новата училница и да создаваат свои активности. Наставниците се убедени дека овој грант беше успешен и заради тоа сега подготвуваме и втор грант за да оформиме една поодржлива библиотека во училницата за учениците.

Во врска со новата училница Марина го рече следново: „Ресурсната училница по англиски беше новина за училиштево, за учениците и за мојата настава. Таа донесе една позитивна промена во начинот на кој јас предавам. Сега можам да се потпрам на материјалите кои ги имаме во училницата и тие ми помагаат мојата настава да биде поинтересна и подобро да допира до моите ученици. Знам дека сме успеале кога ќе ги видам моите ученици како влегуваат во училницата и се возбудени кога ќе видат што ќе учиме тој ден. Тие сега имаат можност да учат преку технологија, игри и активности кои ги ставаат токму нив во преден план а кои беа воведени од нашата волонтерка Алекса.

# 45 општини во кои служеа волонтерите

## Да создадеме подобро утре, денес - Дејвид Кранд



Пристигнав во Ресен во декември 2018 година како еден од осумнаесетмината волонери за развој на заедниците кои работат низ целата земја. Бев еден од неколкумината таа година кои го применуваме новиот пристап на Мировниот корпус да бидеме волонтери „лоцирани во заедницата“, што значи работа на две или повеќе примарни работни места. Моите почетни работни места беа во локалниот Црвен крст и во невладината организација „Акција плус“ која се занимава со младите.

Работејќи со моите соработници, мојата примарна задача беше да ги откријам потребите на локалното младо население во Ресен и да им помогнам на моите колеги во напорите за подобрување на статусот на младите во заедницата.

Уште еден важен аспект од мојата работа беа поврзувањето и создавањето нови партнерства. Пролетта 2018 година започнавме со имплементирање на проектот „Да создадеме подобро утре денес“, наменет за подигнување на свеста за дијабетисот и неговата превенција преку здрави прехрамбени и животни навики. Проектот содржеше една книга-готвач која беше напишана на трите локални јазици и една серија работилници и часови по готвење, како и еден фестивал на храна. Околу 100 млади и постари граѓани присуствуваа на работилниците и часовите по готвење а беа поделени и преку 500 книги. Овој проект не само што истакна еден важен здравствен проблем, туку и обедини многу локални чинители, вклучувајќи две невладини организации, Црвениот крст Ресен и Акција плус, како и доктори, нутриционисти, наставници од основни училишта и Здружението на пензионери. Овој проект е одличен пример за тоа како со помош поврзувањето и здружувањето на силите целата заедница може да помогне да се крене свесноста за еден важен проблем и да го подобри животот на своите граѓани.

Освен на моите две примарни работни места бев активен во средното и во основното училиште во Ресен каде што работев со наставниците и заедно ја развивавме идејата за „Младински клуб – Преспа“. Заедно со волонтерите на Црвениот крст помогнав да се организира првиот квалификациски натпревар по спелување „Spelling Bee” во основното училиште во село Подмочани. Помагав и во локалниот Дневен центар а исто така секоја недела организирав часови за разговор на англиски јазик за заинтересираните жители од заедницата. Се чини дека луѓето со кои работам го ценат мојот позитивен пристап и се инспирирани да создадат подобро утре, денес.

# 48 Градоначалници присуствуваа на Форумот на Мировен корпус



Во март 2018 година, Мировниот корпус Северна Македонија, како дел од промоцијата и стратегијата за идентификување на сајтовите, го организираше првиот Форум на градоначалници, настан кој собра околу 50 градоначалници и други претставници од локалните власти. За време на форумот, Мировниот корпус Северна Македонија ги сподели успешните приказни од минатото и официјално го објави пријавувањето за волонтери. На овој настан градоначалниците имаа можност да ги слушнат и запознаат волонтерите кои работат во општините, училиштата и во областа на посебни потреби. Тие исто така ги слушнаа приказните на градоначалниците и соработниците кои веќе работат со волонтери на Мировниот корпус низ целата земја.




За време на форумот директорот на Мировнен корпус Северна Македонија Марк Ханафин и амбасадорот на САД Џес Бејли, дадоа краток преглед за успесите на организацијата во Северна Македонија. Министерството за локална самоуправа, како еден од партнерите на Мировниот корпус Северна Македонија, даде силна поддршка во организирањето на форумот а министерот Сухејл Фазлиу им се обрати на учесниците изразувајќи ја притоа својата посветеност во соработка со Мировниот корпус и истакнувајќи ја важноста која организацијата ја има во меѓукултурната и професионалната соработка меѓу двете држави, а посебно на локално ниво.

„Вашето искуство е непроценливо за нас. Нам ни е потребен вашиот ентузијазам. Само со споделување на знаење, искуство, пријателство и соработка ние можеме да изградиме заеднички вредности и да соработуваме, да бидеме толерантни, хумани, а над сè одговорни граѓани кои ги сакаат своите заедници и своите сограѓани, без оглед на нивната етничка, религиозна, јазична или било каква друга припадност.“ – Министер Фазлиу

# 51 основни и средни училишта каде што служеа волонтерите

## Успеси на волонтерите - волонтер Ендру Гарднер




За време на мојата работа поминав прекрасни мигови предавајќи, комуницирајќи и запознавајќи ги учениците во моето училиште. Децата од сите одделенија секој ден доаѓаа на училиште со ведри лица и желба за учење која навистина инспирира. Иако нашето училиште нема многу, заедно со мојот соработник успеваме да извлечеме максимум од ограничените материјали кои ги имаме на располагање за време на часовите; Ова ни овозможува да држиме интерактивни часови кои им помагаат на учениците да го совладуваат англискиот на нов начин. И додека на нашите часови употребувавме песни, танц, филмови, потрага по предмети, и правење карти, една работа сепак им недостигаше на нашите ученици – пристап до литература на англиски јазик. Секој ученик имаше свој учебник по англиски, но тука завршуваше сѐ; нашето училиште има една мала библиотека, но во неа има само книги на македонски јазик. Немаше детски книги со приказни за помалите одделенија, немаше романи за млади за нашите постари ученици. Единствениот допир со англискиот нашите ученици го имаа преку учебниците и мобилните телефони, и тие пропуштаа цел еден свет кој постои во книгите.

Мојот соработник и јас, увидувајќи колку сето тоа им го отежнува учењето на нашите ученици, решивме да преземеме нешто. После неколку месеци допишување со различни меѓународни организации за помош во книги добивме две големи донации за нашето училиште во Јабланица. Откако ги примивме книгите направивме и шкаф за истите, користејќи донирани материјали од селото и со огромна помош од двајца браќа од заедницата. Тој беше завршен по една недела напорна работа и беше поставен во една училница во школото. Откако го наредивме шкафот со книги, нашата мала но комплетна библиотека започна со работа. Сега нашите ученици имаат на располагање 120 книги на англиски јазик кои секојдневно ги користат.

Библиотеката е отворена во одреден дел од денот и нашите ученици со нетрпение ја чекаат својата шанса да вратат веќе прочитана книга и да земат нова. Постојано ги охрабруваме учениците да пишуваат и краток осврт за она што го прочитале, или пак накратко да ја пренесат содржината усно. Овој мал избор книги на англиски им даде на учениците можност независно да го вежбаат јазикот и надвор од училиштето, им ги проширува хоризонтите и им помага да ја развиваат и хранат својата љубопитност и креативност. Исто така ја вклучивме библиотеката и во нашите часови и воншколски активности.

Мојот соработник и јас, преку тимска работа, позитивна соработка со заедницата, и малку напорна работа, успеавме барем малку да го доближиме англискиот јазик до нашите ученици.

# 87 волонтери на Мировен корпус служеа во Северна Македонија

## Бренда Фауст - дел од специјална програма на Мировен корпус

Специјалната програма “Response” на Мировниот корпус е една посебна иницијатива која помага да се задоволат барањата на државите за техничка помош во одредени области. Овие волонтери имаат стручни вештини и значајно работно искуство и делуваат како технички консултанти за да обезбедат директен придонес и поддршка за краткорочни проекти со силно влијание.



Мировен корпус Северна Македонија ја регрутираше волонтерката Бренда Фауст да служи како специјалист за проценка во Државниот испитен центар (ДИЦ) во Северна Македонија, фокусирајќи се на конкретни подобрувања на тестот по предметот Англиски јазик во државната матура. Бренда беше вклучена во ДИЦ една година.




Бренда и нејзината соработничка од ДИЦ, Трајанка Аврамовска, завршија значајна работа во проектот за унапредување на квалитетот на испитот по Англиски јазик во македонската државна матура. Нивната работа вклучуваше ревидирање на испитот и испитниот каталог, подобрување на квалитетот на испитната содржина, подготовка на тестот со прашања за слушање и анализи на бодувањето и резултатите а предложија и измени во процесите и политиките.

Сето ова беше реализирано во соработка на Државниот испитен центар а акцентот беше ставен на подобрувањата на содржината на тестот и градењето капацитет за дел со прашања за слушање во тестот.

# 126 невладини организации со кои работеа волонтерите

## Сведоштво на Блаже Јосифовски – соработник на волонтер

Изминативе две години го имав задоволството да работам со волонтер на Мировниот корпус и тоа навистина беше една плодна соработка. Камерон Бертел пристигна во нашава организација со една посветеност и волја на дело да го покаже вистинскиот дух на Мировниот корпус. Нашата соработка резултираше со неверојатен успех преку развивањето и имплементирањето на една програма која го пренасочуваше вишокот храна која наместо во отпад завршуваше кај оние на кои им е најпотребна. Со помош на неговата посветеност ние успеавме да обезбедиме мал грант од Мировниот корпус за да ја финансираме нашата веб платформа за дистрибуирање на вишокот храна.







Оваа платформа ѝ овозможи на Ајде Македонија да стигне до илјадници луѓе во Македонија на кои им е потребна и да им обезбеди повеќе од 65 тони квалитетна храна. Преку мојата работа со Камерон и Мировниот корпус јас бев инспириран да го прифатам оптимистичкиот и претприемачки дух кој ги краси волонтерите на оваа организација. Искуството да го имам него во канцеларијата ми го докажа огромниот бенефит од меѓукултурната размена која ја нуди Мировниот корпус. Она што јас и Камерон го научивме еден од друг остави траен белег кој ќе го имаме и понатаму во текот на нашите кариери. Многу сум благодарен за ова искуство.

# 134 наставници работеа со волонтери

## Сведоштво на Наташа Аврамовска – соработник на волонтер

Последниве две години, основното училиште Дедо Иљо Малешевски во Берово, кое има преку 700 ученици, 107 вработени и 7 подрачни училишта, имаше среќа да биде домаќин на една ТЕФЛ волонтерка на Мирновниот корпус. Нашата прекрасна волонтерка даде огромен придонес, а нејзината работа во проектот за библиотека на англиски, како и учеството во проектите за еПоврзување, ХИППО и СИД беа од непроценливо значење. Со помош на нејзиното учество и соработката со нашите наставници ние прераснавме во едно прогресивно и интернационално училиште.






Габриела беше вистински благодет за нашите ученици со кои таа работеше и во училиштето и надвор од него. Нејзината работа со младинските кампови GLOW и YMLP беше многу корисна за нашите ученици. Тоа им овозможи да ги изразат и негуваат својата креативност, интереси и знаење, како и да бидат позитивен пример во заедницата.

Пресреќни сме што таа се реши да го продолжи својот престој за уште една година; нестрпливи сме да видиме што ново нè чека и што уште можеме да постигнеме заедно. Среќни сме за понатамошната соработка со Мировниот корпус.

# 383 лица со посебни потреби со кои работеа волонтерите

## Успеси на волонтерите - волонтер Ерин Финел

Работам во дневен центар кој го посетуваат дваесетина лица со различен степен на попреченост. За многу од корисиниците со кои јас работам престојот во дневниот центар е единствена шанса да добијат некаква ментална и социјална стимулација. Заради ова, заедно со мојот соработник, секогаш смислуваме нови активности кои прават времето поминато во дневниот центар да им биде корисно и интересно.



Од скоро воведовме готвење како активност која двапати месечно ја правиме заедно со корисниците. Ова е одличен начин да се инкорпорираат вредностите на Мировниот корпус истовремено останувајќи фокусирани на менатлното и социјалното стимулирање на корисниците. Мојот соработник и јас се договараме кој рецепт ќе го подготвуваме – секогаш се работи или за македонски рецепт или за традиционална американска храна.



Потоа корисниците ни се придружуваат на масата и додаваат состојки, мешаат или скришум пробуваат. Сега, откако готвењето стана постојана активност, се обидувам да ги вклучам сите корисници, без оглед на нивните потреби. Ова за мене стана начин за да создадам методи за инклузија и разликување кои ќе ги користи мојот сороаботник, како и за да го истакнам фактот дека сите луѓе со попреченост заслужуваат да бидат вклучени.

Генерално, готвењето со моите корисници и со мојот соработник беше можност да споделам нешто што сакам да го правам. Сето тоа придонесе за мешање на културите, а корисниците учеа за редот, бројките и делењето додека совладуваа нови начини сите да бидат вклучени, а сето тоа завршуваше со уживање во нешто навистина вкусно!

# 2018 низ бројки

Peace Corps
NORTH MACEDONIA

**87** Волонтери на Мировен корпус служеа во Северна Македонија

**10,881**
ученици учеа од волонтери

**7,635**
лица учествуваа во активности во заедницата

**51**
училишта во кои служеа волонтери

**383**
лица со посебни потреби работеа со волонтери

**134**
наставници соработуваа со волонтери

**126**
граѓански организации работеа со волонтери




**13** кампови "Околу светот" со **460** учесници

**$41,310**
придонес од локалните заедници

За **39** мали грантови

**$57,029**
обезбедени од Мировен корпус

**23%**
од волонтерите живееја во рурални средини